**Прва детска амбасада во светот Меѓаши**

# Финансиски Извештаи
За годината завршена на 31 декември 2004 година

## Содржина

Извештај на ревизорот

Финансиски извештаи

| | |
|---|---|
| Биланс на успех | 1 |
| Биланс на состојба | 2 |
| Извештај за деловниот фонд | 3 |
| Белешки кон финансиските извештаи | 4 |
| Прилог | 10 |

KPMG

КПМГ Македонија д.о.о.
Ул. „Даме Груев" бр.28, 4ти кат
Скопје 1000
Република Македонија

тел: + 389 (2) 3135 220
факс: + 389 (2) 3111 811
е-пошта: kpmg@kpmg.com.mk
www. kpmg.com.mk

## Независен Извештај на ревизорот до Прва детска амбасада во светот Меѓаши

Извршивме ревизија на придружниот биланс на состојба на Прва детска амбасада во светот Меѓаши ("Организацијата") на 31 декември 2004 година, како и на поврзаните со него биланс на приходи и расходи и движењето на деловниот фонд за годината тогаш завршена. Одговорноста за финансиските извештаи е на раководството на Организацијата. Наша одговорност е да искажеме независно мнение, базирано на извршената ревизија.

Ревизијата ја извршивме во согласност со Меѓународните стандарди на ревизија. Овие стандарди изискуваат да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да се здобиеме со разумна увереност дека финансиските извештаи не содржат материјално значајни грешки. Ревизијата вклучува испитување, врз основа на тестирање, на евиденциите што ги поткрепуваат износите и образложенијата во финансиските извештаи. Таа исто така вклучува осврт на користените сметководствени принципи и значајните проценки направени од раководството, како и оценка за адекватноста на прикажувањето на информациите во финансиските извештаи. Ние сме убедени дека нашата ревизија обезбедува разумна основа за нашето мнение.

Според наше мнение, финансиските извештаи реално и објективно ја прикажуваат финансиската состојба на Организацијата на 31 декември 2004 година, како и резултатот од работењето за годината тогаш завршена, во согласност со Македонските закони.

Скопје 7 јуни 2005 година

ОВЛАСТЕН РЕВИЗОР НА РМ
Гордана Никушевска

КПМГ Македонија ДОО
ДИРЕКТОР
Ѓорѓи Чучук

KPMG Macedonia Ltd, established under Macedonian law, is a member of KPMG International, a Swiss cooperative.

Registered in the Basic court Skopje 1 Skopje with decision No. T.reg. 3433/1999.

Tax No. MK4030996107850.

## Биланс на успех

За годината завршена на 31 декември 2004

| *Во денари* | **Белешка** | **2004** | **2003** |
|---|---|---|---|
| Приходи од донации | 1 | 11.088.188 | 22.085.574 |
| Приходи од само-финансирање | | 296.608 | 175.623 |
| **Вкупно приходи** | | 11.384.796 | 22.261.197 |
| Програмски расходи | 2 | 12.861.211 | 21.854.273 |
| **Програмски расходи** | | 12.861.211 | 21.854.273 |
| **(Кусок)/вишок за годината** | | (1.476.415) | 406.924 |

## Биланс на состојба

На 31 декември 2004

| *Во денари* | **Белешка** | **2004** | **2003** |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| Материјални вложувања | 3 | 1.631.868 | 2.359.883 |
| **Вкупно постојани средства** | | 1.631.868 | 2.359.883 |
| Парични средства и паричен еквивалент | 4 | 596.138 | 1.884.410 |
| Побарувања | 5 | 208.400 | 208.400 |
| **Вкупно тековни средства** | | 804.538 | 2.092.810 |
| **Вкупна актива** | | 2.436.406 | 4.452.693 |
| **Пасива** | | | |
| Деловен фонд | | 2.400.920 | 4.315.958 |
| **Вкупно деловен фонд** | | 2.400.920 | 4.315.958 |
| Обврски | 6 | 35.486 | 136.735 |
| **Вкупно тековни обврски** | | 35.486 | 136.735 |
| **Вкупна пасива** | | 2.436.406 | 4.452.693 |

Финансиските извештаи прикажани на страниците од 1 до 9 беа одобрени од Колегиумот на Организацијата на 7 јуни 2005 и во нејзино име беа потпишани од:

М-р Драги Змијанац
*Извршен директор*

## Извештај за деловниот фонд

За годината завршена на 31 декември 2004

| *Во денари* | **Деловен Фонд** |
|---|---|
| На 1 јануари 2003 | 2.402.034 |
| Зголемување на материјални вложувања | 1.635.929 |
| Амортизација за годината | (128.930) |
| Вишок за годината | 406.924 |
| На 31 декември 2003 | 4.315.958 |
| | |
| На 1 јануари 2004 | 4.315.958 |
| Зголемување на материјални вложувања | 330.495 |
| Отпис на материјални вложувања | (659.744) |
| Амортизација за годината | (109.374) |
| Кусок за годината | (1.476.415) |
| На 31 декември 2004 | 2.400.920 |

# Белешки кон финансиските извештаи

## Значајни сметководствени политики

Првата детска амбасада во светот Меѓаши ("Организацијата") е основана во Скопје, Република Македонија, на 29 април 1992 година. Организацијата е регистрирана како непрофитна организација во согласност со Законот за граѓански здруженија и фондации и работи на национално ниво со средства добиени од разни донатори. Главните активности на Организацијата се однесуваат на заштита на детските права.

## (а) Извештај за усогласеност

Финансиските извештаи на Организацијата се изготвени во согласност со Македонските закони.

## (б) Основа за изготвување на финансиските извештаи

Финансиските извештаи се прикажани во македонски денари. Финансиските извештаи се изготвени врз основа на историски вредности модифицирани за ревалоризацијата на материјалните вложувања и амортизацијата.

Сметководствените политики се конзистентни со оние користени во минатите години.

## (в) Материјални вложувања

Материјалните вложувања се прикажани според набавната или ревалоризирана вредност намалена за акумулираната амортизација (види подолу).

Набавките на материјалните вложувања во текот на годината од донации во пари се евидентираат како материјални вложувања и обврски спрема добавувачот, а истовремено и како трошок и зголемување на деловниот фонд. Донациите во вид на материјални вложувања се евидентираат како зголемување на средствата и на деловниот фонд.

Амортизацијата на материјалните вложувања се обезбедува по пропорционална метода на начин да се отпише набавната или ревалоризирана вредност на средствата во текот на нивниот законски пропишан полезен век на траење.

| | 2004 | 2003 |
|---|---|---|
| | % | % |
| Мебел и опрема | 12-20 | 12-20 |

## Белешки кон финансиските извештаи

### Значајни сметководствени политики (продолжение)

### (в) Материјални вложувања (продолжение)

Амортизацијата на материјалните вложувања набавени во пари се евидентира како намалување на деловниот фонд и зголемување на акумулираната амортизација. Амортизацијата на донираните основни средства во натура се евидентира како трошок и зголемување на акумулираната амортизација.

На материјалните вложувања не им се пресметува амортизација се до нивното ставање во употреба.

### (г) Приходи од донации

Приходите од донации се признаваат во пресметковниот период во којшто настанале според критериумот на мерливост и расположивост. Приходите се мерливи кога може да се искажат вредносно. Приходите се расположиви кога се остварени во пресметковниот период или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период под услов приходите да се однесуваат на пресметковниот период и служат за покритие на обврските од тој пресметковен период.

### (д) Расходи

Расходите се признаваат во пресметковниот период во кој настанале или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период доколку обврската за плаќање настанала во пресметковниот период.

### (ѓ) Трансакции во странска валута

Организацијата нема трансакции во странска валута.

### (е) Данок од добивка

Данокот од добивка за сите обврзници изнесува 15% од оданочивата добивка, но Организацијата е непрофитна организација и не е подложна на данок од добивка.

## Белешки кон финансиските извештаи

### 1. Приходи од донации

| *Во денари* | 2004 | 2003 |
|---|---|---|
| USAID – Community Self-Help Initiative | 3.730.473 | 14.557.274 |
| Министерство за труд и социјална политика | 2.342.400 | 2.150.000 |
| PRiSMa | 1.924.000 | - |
| Македонски центар за меѓународна соработка | 639.115 | 576.521 |
| Балканска фондација за деца и млади | 626.060 | 333.134 |
| Институт за трајни заедници | 412.861 | 716.494 |
| Холандска Амбасада | 363.260 | - |
| Донации од вработените | 258.545 | 325.945 |
| USAID – World Learning | 253.031 | - |
| OSCE | 229.729 | - |
| Влада на Република Македонија | 150.000 | 100.000 |
| CRIC – Centro Regionale di Intervento per la Cooperazione | - | 2.410.304 |
| Светска банка | - | 398.470 |
| Швајцарска амбасада | - | 243.097 |
| Equal in Development, Brussels | - | 109.445 |
| Global March for Children | - | 52.510 |
| Останато | 158.714 | 112.380 |
| | 11.088.188 | 22.085.574 |

### 2. Програмски расходи

| *Во денари* | 2004 | 2003 |
|---|---|---|
| Хонорари | 2.874.735 | 4.018.444 |
| Бруто плати | 2.170.280 | 2.658.553 |
| Програмски материјали | 2.059.307 | 4.045.476 |
| Непроизводни трошоци | 1.014.857 | 4.432.657 |
| Превоз | 999.102 | 1.272.510 |
| Услуги за печатење | 779.832 | 1.584.066 |
| Одржување | 637.794 | 812.896 |
| Телефонски и поштенски услуги | 624.868 | 914.458 |
| Набавени основни средства | 330.495 | 735.829 |
| Амортизација | 289.392 | 159.321 |
| Гориво | 245.536 | 286.432 |
| Репрезентација | 22.696 | 20.838 |
| Останато | 812.317 | 912.793 |
| | 12.861.211 | 21.854.273 |

## Белешки кон финансиските извештаи

## 2. Програмски расходи (продолжение)

Главни проектни активности имплементирани од страна на Организацијата во текот на 2004 година се следните:

- СОС телефонот за деца и млади, финансиран од Балканската фондација за деца и млади и Холандска Амбасада. СОС службата во 2004 година одговори на 414 повика и остварија 23 средби со деца, млади и родители. Јавувањата најчесто биле поврзани со проблеми во семејството и проблеми поврзани со насилство од различен тип (сексуално злоставување, психичко и физичко малтретирање, злоупотреба на детскиот труд). Волонтерите поминаа серија на тренинзи и работилници за подобрување на тимската работа и организација на СОС телефонот. Во 2004 година СОС телефонот за деца и млади стана член на Child Helpline International;
- Прифатилиште за деца во кризна состојба. Згрижени се 16 раселени лица од с. Арачиново, од кои 8 се деца, со финансиска поддршка од Министерството за труд и социјална политика;
- Македонски волонтери во акција – Мак акција е најголемиот проект реализиран од Организацијата во текот на 2004 година. Целта на проектот е да го стимулира волонтерството и помошта на заедницата преку неформална обука и минимална финансиска поддршка за волонтерите. Финасиери на проектот се USAID – the Community Self-Help Initiative, PRiSMa и OSCE;
- Ненасилна разработка на конфликти – Иницијатива за подобро меѓусебно разбирање е проект за подобрување на комуникацијата меѓу средношколците со македонско и албанско етничко потекло. Проектот е финансиран од Институтот за трајни заедници;
- Акционен план – Во рамки на проектот за подобрена заштита на децата, финансиран од USAID – World Learning подготвена е брошура која ги содржи предлозите и препораките кои се однесуваат на социјалните и другите права на децата во Република Македонија;
- Освен погоре наведените активности Организацијата ги реализираше своите редовни активности како што се: детските работилници, правно застапување и лобирање, социјално-хуманитарна помош, издавање публикации, учество на меѓународни семинари, обуки и конференции.

## Белешки кон финансиските извештаи

### 3. Материјални вложувања

| *Во денари* | **Мебел и опрема** |
|---|---|
| ***Набавна или ревалоризирана вредност*** | |
| На 1 јануари 2004 | 3.671.935 |
| Зголемувања | 330.495 |
| Отпис | (842.841) |
| На 31 декември 2004 | 3.159.589 |
| ***Исправка на вредноста*** | |
| На 1 јануари 2004 | 1.312.052 |
| Амортизација | 109.374 |
| Амортизација на донирани основни средства | 289.392 |
| Отпис | (183.097) |
| На 31 декември 2004 | 1.527.721 |
| ***Неотпишана вредност*** | |
| На 1 јануари 2004 | 2.359.883 |
| На 31 декември 2004 | 1.631.868 |

Од вкупниот отпис на материјалните вложувања МКД 712.925 се материјални вложувања кои се повлечени од финансиерот USAID – Community Self-Help Initiative на крај на проектот Македонски волонтери во акција во Август 2004 година.

### 4. Парични средства и паричен еквивалент

| *Во денари* | **2004** | **2003** |
|---|---|---|
| Парични средства во банка | 565.720 | 1.846.399 |
| Благајна | 30.418 | 38.011 |
| | 596.138 | 1.884.410 |

### 5. Побарувања

Побарувањата на Организацијата ги сочинуваат МКД 198.400 од Министерството за труд и социјална политика, надомест на трошоците за сместување на внатрешно раселените лица за месец декември 2004 година (2003: МКД 198.400 за декември 2003 година) и МКД 10.000 од Младите Европски федералисти на Македонија (2003: МКД 10.000).

## Белешки кон финансиските извештаи

### 6. Обврски

Обврските во 2004 година ги сочинуваат МКД 24.908 кон Македонски Телекомуникации и МКД 10.578 кон Мобимак.

### 7. Последователни настани

По датумот на составување на билансот не се случиле настани од материјално значење, кои треба да се прикажат во финансиските извештаи.

ПРИЛОГ

# РАСПОРЕД НА РАСХОДИ ПО ПРОГРАМИ ЗА 2004 ГОДИНА

| | РАСХОДИ 2004 | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | СОС Телефон | | | Македонски волонтери во акција | | | | | | |
| | Програма за Развој и консолидација на ПДАСМ | Иницијатива за подобро меѓуетничко разбирање | Холандска амбасада | BCYF | Внатрешно раселени лица | (PRISMa) | (CSHI) | (OSCE) | Акционен план | Расходи по изворни приходи на ПДАСМ | % | ВКУПНО |
| **Материјални трошоци за донации** | | | | | | | | | | | | - |
| потрошени прехрамбени артикли | | 21,925 | 35,536 | | 830,521 | 100,015 | 107,929 | 29,500 | 2,246 | | 8.768% | 1,127,672 |
| потрошени канцелариски материјали | 32,029 | 39,299 | | 43,459 | | 133,713 | 225,437 | | 23,255 | 23,003 | 4.045% | 520,195 |
| потрошени материјали за хигиена | | | | | 8,288 | 31,214 | 5,016 | 8,515 | | | 0.412% | 53,033 |
| потрошени материјали и суровини | | | | | 45,476 | 7,350 | 26,498 | | | | 0.617% | 79,324 |
| отпис на ситен инвентар | | | | | | | 18,456 | | 11,425 | 32,918 | 0.488% | 62,799 |
| потрошени лекови и други материјали | 7,823 | | | | 90,566 | 2,300 | 80,594 | 35,000 | | | 1.682% | 216,283 |
| **Потрошена енергија** | | | | | | | | | | | | - |
| електрична енергија | | | | | | 26,060 | 34,324 | | | | 0.470% | 60,384 |
| гориво за службени потреби | 14,020 | 17,951 | | 1,000 | | 33,806 | 28,863 | | 35,425 | 49,126 | 1.401% | 180,191 |
| потрошена вода | | | | | | 4,041 | 921 | | | | 0.039% | 4,962 |
| **Инвестиционо одржување на средствата** | | | | | | | | | | | | - |
| поправки на возило, компјутери и канализација | | | | | | | | | | 67,145 | 0.522% | 67,145 |
| **Други услуги** | | | | | | | | | | | | - |
| услуги за чистење и перење на возила | | | | | | | | | | 6,116 | 0.048% | 6,116 |
| други непроизводствени услуги | 31,474 | 4,555 | | | | 94,151 | 373,218 | | | 4,047 | 3.946% | 507,445 |
| печатарски услуги, развивање фотографии и филм | 60,008 | 26,658 | | 34,184 | | 117,219 | 350,130 | 89,208 | 102,617 | 18,609 | 6.210% | 798,633 |
| **Превозни - транспортни услуги** | | | | | | | | | | | | - |
| поштарина - писма | | | | 200 | | | 315 | | 4,920 | 10,545 | 0.124% | 15,980 |
| телефон/телефакс | 87,494 | 22,637 | 29,481 | 38,262 | | 196,325 | 141,243 | | 40,186 | 53,260 | 4.734% | 608,888 |
| услуги за превоз по проекти | 2,700 | 23,325 | 95,268 | 16,329 | | 113,318 | 87,816 | 230 | 2,856 | 55,418 | 3.089% | 397,260 |
| **Репрезентација** | | | | | | | | | | | | - |
| репрезентација | | | | | | | 8,221 | | | 14,475 | 0.176% | 22,696 |
| **Амортизација по основни средства** | | | | | | | | | | | | - |
| Амортизација по основни средства | | | | | | | | | | 289,392 | 2.250% | 289,392 |
| **Други материјални трошоци** | | | | | | | | | | | | - |
| судски и административни такси | | | | | | | | | | 48,156 | 0.374% | 48,156 |
| издатоци за стручна литература по поректи | | | | | | | 58,081 | | | 845 | 0.458% | 58,926 |
| расходи за учество на семинари | 2,300 | | | | | | | | | 1,900 | 0.033% | 4,200 |
| регистрација на моторни возила | | | | | | | | | | 38,288 | 0.298% | 38,288 |
| други функционални расходи | | 35,494 | | | | 104,623 | 584,488 | | 350 | 5,879 | 5.682% | 730,834 |
| **Наемнини и закупнини** | | | | | | | | | | | | - |
| наемнина на деловен простор | | | | | | 31,250 | 52,528 | | | | 0.651% | 83,778 |
| **Провизија за платен промет** | | | | | | | | | | | | - |
| провизија Стопанска банка | 882 | | | | | 11,174 | 14,147 | | | 17,744 | 0.342% | 43,947 |
| инфотел - Комерцијална банка | | | | | | | | | | 7,420 | 0.058% | 7,420 |
| **Осигурување** | | | | | | | | | | | | - |
| осигурување на средства од ризик | | | | | | 5,940 | | | | 31,655 | 0.292% | 37,595 |
| **Трошоци за службени патувања** | | | | | | | | | | | | - |
| дневници за службени патувања во земјата | | | | | | | | | | 11,200 | 0.087% | 11,200 |
| дневници за службени патувања во странство | | | | | | | | | | 74,474 | 0.579% | 74,474 |
| трошоци за ноќевања по проекти | 33,020 | 111,134 | | 40,354 | | 271,800 | | | 27,340 | 21,240 | 3.926% | 504,888 |
| други трошоци за службени патувања (зелен картон) | | | | | | | | | | 11,280 | 0.088% | 11,280 |
| **Надоместоци и издатоци на вработените** | | | | | | | | | | | | - |
| трошоци за превоз од работа до работа | | 1,050 | | | | | | | | 4,265 | 0.041% | 5,315 |
| надомест за општествена исхрана | 4,600 | | | | | | | | | | 0.036% | 4,600 |
| **Членарини** | | | | | | | | | | | | - |
| други видови членарина (граѓанска платформа, МЦМС, УНИТЕД, ЦХИ) | | | | | | | | | | 27,720 | 0.216% | 27,720 |
| **Интелектуални и лични услуги** | | | | | | | | | | | | - |
| авторски хонорари | | | | | | 9,620 | | | | | | 9,620 |
| договорни услуги, договор за дело, бруто износ | 379,959 | 200,310 | 276,678 | 66,556 | 289,380 | 531,772 | 1,002,655 | | | 252,033 | 23.321% | 2,999,343 |
| нотарски услуги | | | | | | | | | | 36,490 | 0.284% | 36,490 |
| услуги за преведувачи | | | | | | | | | | 14,160 | 0.110% | 14,160 |
| други интелектуални услуги | 219,008 | | | | | 17,346 | 28,674 | | | 3,823 | 2.090% | 268,851 |
| **Други расходи** | | | | | | | | | | | | - |
| други расходи | | | | | | | 127,389 | 66,847 | | 126,718 | 2.496% | 320,954 |
| **Бруто плати и надоместоци од платите** | | | | | | | | | | | | - |
| бруто плати на вработените | - | | - | - | | | | | | 2,079,058 | 16.165% | 2,079,058 |
| персонален данок за ваучер, превоз, закупнина, брошура | 1,695 | 4,708 | 16,800 | 798 | | 45,986 | 20,419 | | 815 | | 0.709% | 91,221 |
| **Капитални и други средства** | | | | | | | | | | | | - |
| набавка на намештај и компјутерска опрема | 317,000 | | | | | 13,495 | | | | | | 330,495 |
| % | 9.284% | 3.958% | 3.528% | 1.875% | 9.830% | 14.793% | 26.260% | 1.783% | 1.955% | 26.735% | | 100% |
| **ВКУПНО** | **1,194,012** | **509,046** | **453,763** | **241,142** | **1,264,231** | **1,902,518** | **3,377,362** | **229,300** | **251,435** | **3,438,402** | **1** | **12,861,211** |